Врз основа на чл. 384 од Законот за трговски друштва и чл. 32 и 33 од Статутот на ЖИТО ЛУКС АД Скопје и врз основа на Одлуката на Управниот одбор бр. 02-326/3 од 03-04-2026 г., Управниот одбор на ЖИТО ЛУКС АД Скопје објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За свикување на Годишно собрание на акционери на ЖИТО ЛУКС АД Скопје

Седницата на Годишното собрание на акционери на ЖИТО ЛУКС АД Скопје, ќе се одржи на ден: 08.05.2026 година во 10:30 часот.
За Годишното собрание на акционери на ЖИТО ЛУКС АД Скопје се предлага следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

**Процедурален дел:**

1. Избор на бројач на гласови;
2. Избор на претседавач на Собранието;
3. Усвојување на Дневен ред.

**Работен дел:**

1. Разгледување и усвојување на Годишната сметка, финансиските извештаи ревидирани од страна на овластено ревизорско друштво со мислење, и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2025 година;
2. Донесување одлука за избор на овластена ревизорска куќа за 2026 година;
3. Донесување одлука за распределба на добивка за 2025 година;
4. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2025 година;
5. Разгледување и усвојување на Извештајот за работењето на Надзорниот одбор за 2025 година и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор за 2025 година;
6. Разгледување и усвојување на Извештајот за работењето на Управниот одбор за 2025 година и одобрување на работата на членовите на Управниот одбор за 2025 година.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5 % од вкупниот број акции со право на глас, можат да предложат дополнување на Дневниот ред со барање за вклучување нови точки, ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на Дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка, односно можат да поставуваат прашања за точките од Дневниот ред на седницата на Собранието по писмен пат, до Управниот одбор на Друштвото во рок од 8 дена сметано од денот на објавување на Јавниот повик.

На седницата на Собранието може да учествува секој акционер лично или да определи лице кое ќе го застапува на Собранието со право на гласање со писмено полномошно. Секој акционер со писмено полномошно може да овласти друго физичко или правно лице како свој полномошник, кој ќе гласа во негово име, за што е должен веднаш по неговото издавање писмено да го извести Друштвото во седиштето на ЖИТО ЛУКС АД Скопје, на бул. Македонско-Косовска бригада бр. 44, Скопје или на електронската адреса: zitoluks@zitoluks.com.mk. Во спротивно, ќе се смета дека не го дал полномошното.

Акционерот, односно застапникот е должен своето присуство да го пријави (со пријава за учество) најдоцна пред почетокот на Седницата на закажаното Собрание.

Материјалите за увид што се на Дневен ред на Собранието и дополнителните информации согласно Законот за трговските друштва, им се достапни на акционерите на веб-страницата на Друштвото - www.zitoluks.com.mk.